**20242113684**

**КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 427 став (1) и член 438 алинеја 9, а во врска со член 75 став (3), од Законот за финансиски инструменти („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/2024), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на 4.10.2024 година, донесе

# ПРАВИЛНИК[1] ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ИНФОРМАЦИИТЕ КОИ ИМ СЕ ДОСТАВУВААТ НА КЛИЕНТИТЕ И НА ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ КЛИЕНТИ

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со Правилникот за формата и содржината на информациите кои им се доставуваат на клиентите и на потенцијалните клиенти (во понатамошниот текст: Правилник) се пропишува формата и содржината на:

а) информациите кои содржат споредба на инвестициски услуги и активности и помошни услуги, финансиски инструменти или лица коишто даваат инвестициски услуги и активности и помошни услуги;

б) информациите кои ќе им овозможат на клиентите или потенцијалните клиенти да ја разберат природата и ризиците од инвестирањето и притоа врз основа на тие информации/податоци да можат да донесат одлука за инвестирање/вложувањеи

в) писмениот договор со клиентот со кој се регулираат нивните меѓусебни права и обврски.

## Поими

Член 2

(1) Одделни поими употребени во овој Правилник го имаат следново значење

1. „Комисија“ е Комисија за надзор на пазарот на капитал;
2. „Закон“ е Закон за финансиски инструменти;
3. „Друштво“, во смисла на овој Правилник, е субјект кој согласно од Законот може да извршува инвестициски услуги и активности на територијата на Република Северна Македонија;
4. „Договор на далечина“ е секој договор за финансиска услуга склучен меѓу давател и потрошувач во рамките на организирана продажба на далечина или систем за давање услуги од страна на давателот кој, за потребите на тој договор, применува едно или повеќе средства за комуникација на далечина;

5 „Финансиска услуга“ е секоја услуга од банкарска, кредитна, осигурителна, лична пензиска, инвестициска или платежна природа;

6 „Давател“ е физичко или правно лице, кое во рамките на неговата трговска или професионална дејност, дава финансиска услуга на далечина;

[1]Со овој Правилник се врши усогласување со Регулатива 565/2017 на Комисијата од 25 април 2016 година за дополнување на Директивата 2014/65/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот за организациски барања и работни услови за инвестициски фирми и дефинирани изрази за целите на таа директива.

7. „Потрошувач“ е физичко лице кое, во договорите на далечина што се опфатени со овој закон, дејствува за цели кои не се поврзани со вршење на неговата трговска или професионална дејност;

(2) Сите други поими од овој Правилник го имаат истото значење како во Законот, како и прописите со кој се уредува давањето на финансиски услуги на далечина.

**Начин на доставување**

Член 3

(1) Кога за целите на спроведување на обврските кои произлегуваат од овој Правилник е потребно информацијата да се достави на траен медиум дефиниран во член 3 став (1) точка 12 од Законот за финансиски инструменти (во понатамошниот текст: Законот), инвестициските друштва можат да ги достават тие информации на траен медиум во електронски облик/пат доколку:

а) доставувањето на информации е соодветно со оглед на контекстот во кој се одвива или ќе се одвива соработката помеѓу друштвото и клиентот;

б) лицето на кое му се доставуваат тие информации, при понуден избор помеѓу информации доставени во хартиена форма или на траен медиум, изрично избрал информациите да му бидат доставени на траен медиум.

(2) Кога врз основа на членовите 5 до 9 од овој Правилник, инвестициското друштво им доставува информации на клиентите преку интернет страница, а таа информација не е наменета за лично известување на клиентот, инвестициските друштва гарантираат дека се исполнети следните услови:

а) доставувањето на информации на тој носител на податоци е соодветно со оглед на контекстот во кој се одвива или ќе се одвива соработката помеѓу друштвото и клиентот;

б) клиентот мора изрично да се согласи на достава на информации на тој начин;

в) клиентот задолжително се известува по електронски пат за адресата на интернет страницата, како и за местото на интернет страницата на кое може да се пристапи до информацијата;

г) информациите мора да бидат ажурирани;

д) информациите мора да бидат континуирано достапни на таа интернет страница во временски период кој му е разумно потребен на клиентот за да може да ги пребара.

(3) Доставувањето на информации со помош на електронска комуникација се смета за соодветно со оглед на контекстот во кој се одвива или ќе се одвива соработката помеѓу друштвото и клиентот доколку има докази дека клиентот има редовен пристап до интернет. Давањето на електронска пошта на клиентот со цел остварување на таа соработка се смета за таков доказ.

I. Форма и содржина на информациите кои содржат споредба на инвестициски услуги и активности и помошни услуги, финансиски инструменти или лица коишто даваат инвестициски услуги и активности и помошни услуги

Член 4

(1) Инвестициското друштво е должно да ги достави информациите кои содржат споредба на инвестициски услуги и активности и помошни услуги, финансиски инструменти или лица коишто даваат инвестициски услуги и активности и помошни услуги на клиентот во електронски облик.

(2) По исклучок од став (1) на овој член, инвестициското друштво е должно на барање на клиент или на потенцијален клиент кој е мал инвеститор, информациите од став (1) на овој член бесплатно да му ги достави во хартиена форма.

(3) Информациите од став 1 од овој член треба да ги исполнуваат следните услови:

а) споредбата да е направена и претставена на непристрасен и избалансиран начин;

б) да се наведени изворите на информации кои се користени за споредба;

в) да се наведени клучните факти и претпоставки кои се користени за споредба.

(4) Кога информациите од став (1) на овој член содржат информации за претходни резултати за финансиски инструмент, финансиски индекс или за инвестициска услуга, инвестициските друштва се должни да обезбедат дека се исполнети следните услови:

а) наведената информација за претходни резултати не е најистакната карактеристика на информацијата која се комуницира со клиентот;

б) информациите мора да содржат соодветни податоци за приносите кои се однесуваат на претходните пет години или целиот период во кој бил понуден финансискиот инструмент, воспоставен финансискиот индекс или обезбедена инвестициската услуга, доколку овој период е пократок од пет години или за подолг период определен со одлука на инвестициското друштво, но во секој случај податоците за приносот се засноваат на целиот 12-месечен период;

в) јасно се наведени референтниот период и изворот на информацијата;

г) информациите содржат изречно предупредување дека податоците се однесуваат на минатото и дека историските перформанси не се сигурен показател за идните резултати;

д) кога информацијата е заснована на податоци изразени во валута различна од онаа на државата во која живее постоечкиот или потенцијалниот мал инвеститор, валутата е јасно наведена, заедно со предупредување дека приносот може да се зголеми или намали како резултат на промени на девизниот курс;

ѓ) кога индикацијата се заснова на бруто принос, се обелоденува влијанието на провизиите, надоместоците и другите трошоци.

(5) Кога информациите од став (1) на овој член содржат или се однесуваат на симулирани минати резултати за финансиски инструмент, финансиски индекс или инвестициска услуга, инвестициските друштва обезбедуваат дека информациите се однесуваат на финансиски инструмент или финансиски индекс при што е потребно да се исполнети следните услови:

а) симулираниот историски принос се заснова на реалниот историски принос на еден или на повеќе финансиски инструменти или на финансиски индекси кои се исти или суштински исти како предметниот финансиски инструмент или се во основата (на нив се заснова) на предметниот финансиски инструмент;

б) во однос на реалниот историски принос од точка а) од овој став се исполнети условите од став (4) точки а) до в) и точки д) и ѓ) од овој член;

в) информациите содржат изрично предупредување дека податоците се однесуваат на симулиран историски принос и дека историскиот принос не е сигурен показател за идните резултати.

(6) Кога информациите од став (1) на овој член содржат податоци за идните приноси, инвестициските друштва обезбедуваат дека се исполнети следните услови:

а) информациите не се засноваат на симулиран историски принос ниту упатуваат на него;

б) информациите се засноваат на издржани претпоставки поткрепени со објективни податоци;

в) кога информациите се засноваат на бруто принос, се обелоденува влијанието на провизиите, надоместоците и другите трошоци;

г) информациите се засноваат на сценарија за приносите во различни пазарни услови (позитивни и негативни сценарија) и ја одразуваат природата и ризиците на специфичните видови инструменти вклучени во анализата;

д) информациите содржат изречно (истакнато) предупредување дека таквите предвидувања не се сигурен показател за идните резултати.

II. Форма и содржина на информациите кои ќе им овозможат на клиентите или потенцијалните клиенти да ја разберат природата и ризиците од инвестирањето и притоа врз основа на тие информации/податоци да можат

да донесат одлука за инвестирање/вложување

**Општи барања во врска со информирање на клиентите (општи информации за клиенти)**

Член 5

(1) Инвестициските друштва се должни навремено, притоа оставајќи доволно време, да му ги достават на клиентот или на потенцијалниот клиент, пред тој клиент да се обврзе со било каков договор за обезбедување на инвестициски или на помошни услуги или пред давање на такви услуги, без разлика кое и да се случи прво, следните информации:

а) условите на секој таков договор;

б) релевантните информации од член 5 и член 6 од овој Парвилник соодветно кои се однесуваат на тој договор или на таа инвестициска или помошна услуга.

(2) Инвестициските друштва се должни навремено пред давање на инвестициски услуги и активности  или помошни услуги да им ги достават на клиентите или потенцијалните клиенти информациите од членовите 5 до 9 од овој Правилник.

(3) Информациите од ставовите (1) и (2) на овој член се доставуваат на траен медиум или преку интернет страница (кога не е траен медиум), доколку се исполнети условите од член 2 став (2) од овој Правилник.

(4) Инвестициските друштва навремено го известуваат клиентот за секоја значајна промена во информациите наведени од член 5 до член 9  од овој Правилник кои се релевантни за услугата која друштвото ја извршува за тој клиент. Известувањето се дава на траен медиум доколку информациите на кои се однесува биле дадени на траен медиум.

**Информации за инвестициското друштво, инвестициските услуги и активности и помошните услуги кои ги дава на клиентите односно потенцијалните клиенти**

Член 6

Информациите за инвестициското друштво, инвестициските услуги и активности и помошните услуги задолжително ги содржат следните податоци:

а) назив и седиште на инвестициското друштво, како и сите други податоци кои овозможуваат ефикасна комуникација со инвестициското друштво;

б) број и датум на решението за давање на одобрение на друштвото, како и назив и контакт адреса на органот кој го издал решението;

в) можни начини на комуникација помеѓу инвестициското друштво и клиентот, вклучувајќи начини на давање и примање на налози, како и давање на документи и други информации од страна на друштвото;

г) информација дека инвестициското друштво делува преку врзан застапник, кога е тоа случај;

д) обем, зачестеност и периодите на известување на клиентот за услугите што инвестициското друштво му ги дава на клиентот;

ѓ) краток опис на начинот на заштита на инструментите, односно средствата, вклучувајќи општи информации за Фондот за заштита на инвеститори чиј член е инвестициското друштво во случај кога тоа друштво чува финансиски инструменти, односно парични средства на клиентот;

е) краток опис на политиката за управување со судир на интереси;

ж) на барање на клиентот подетални информации за наведената политика за управување со судир на интереси на траен медиум или преку интернет страница (кога не е постојан носител на податоци), доколку се исполнети условите од член 2 став (2) од овој Правилник.

Член 7

(1) Инвестициските друштва и друштва за управување со отворени и затворени инвестициски фондови кои за клиентот извршуваат услуги за управување со портфолио се должни да одредат соодветен метод на евалуација и споредба, во смисла на значајна референтна вредност, заснована на инвестициските цели на клиентот и видовите финансиски инструменти кои го сочинуваат портфолиото на клиентот, кој ќе му овозможи на клиентот да ја процени ефикасноста на инвестициското друштво.

(2) Кога субјектите од став (1) на овој член му нудат на клиентот или на потенцијалниот клиент извршување на услуги за управување со портфолио за клиентот, покрај информациите од член 5 од овој Правилник, според потребата доставуваат информации и за:

а) начинот и зачестеноста на вреднување на финансиските инструменти во портфолиото на клиентот;

б) детали за секој пренос на управувањето со порфолиото на дискрециона основа со сите финансиски инструменти или средства од портфолиото на клиентот или дел од нив;

в) спецификацијата на секоја референтна вредност со која ќе се споредува приносот на портфолиото на клиентот;

г) видовите финансиски инструменти кои можат да се вклучат во портфолиото на клиентот и видовите трансакции што може да се извршат со нив, вклучувајќи ги и можните ограничувања;

д) целите на управувањето со портфолиото, степенот на ризик што произлегува од дискреционото право на инвестициониот советник кој управува со портфолиото и евентуалните посебни ограничувања во врска со тие дискрециони права.

**Информации за финансиските инструменти**

Член 8

(1) Инвестициските друштва се должни навремено, пред извршување на инвестициските услуги или помошни активности на клиентите или на потенцијалните клиенти, да им достават општ опис на природата на финансиските инструменти и нивните ризици земајќи ја предвид, особено, категоризацијата на клиентот како мал вложувач, професионален вложувач или професионален вложувач врз основа на барање.

(2) Описот од став (1) на овој член ја објаснува природата на конкретниот вид инструмент за кој станува збор, функционирањето и успешноста на финансискиот инструмент под различни пазарни услови, вклучувајќи ги и позитивните и негативните услови, како и ризиците специфични за тој тип инструмент, доволно детално за да се овозможи клиентот да донесува информирани одлуки за вложување.

(3) Описот на ризиците од став (2) на овој член, водејќи сметка за индивидуалниот вид финансиски инструмент, статусот и нивото на знаење на клиентот, ги вклучува следните елементи:

а) ризици поврзани со одреден тип на финансиски инструмент, вклучувајќи разјаснување на финансискиот левериџ и неговите ефекти, како и ризиците од губење на целата инвестиција вклучувајќи ризици поврзани со несолвентност на издавачот или поврзани настани;

б) волатилноста на цената на финансискиот инструмент и можните ограничувања на постоечките пазари за такви инструменти;

в) информации за пречките или ограничувањата за ослободување од инвестицијата, на пример во случај на неликвидни финансиски инструменти или финансиски инструменти со фиксен инвестициски рок, вклучувајќи илустрација за можните начини на излез (повлекување) и последиците од секое повлекување, можните ограничувања и проценетата временска рамка за продажба на финансискиот инструмент пред поврат на почетните трошоци на трансакцијата за тој вид финансиски инструмент;

г) објаснување дека како резултат на трансакцијата со таквиот инструмент, покрај трошоците за стекнување на самиот инструмент, може да вклучи и дополнителни финансиски и други обврски, вклучително и непредвидени потенцијални обврски;

ѓ) секој услов кој произлегува од заемот врз основа на кој е купен инструментот или слични обврски применливи за одреден вид инструмент (секое барање за маржа или слични обврски применливи за инструменти од наведениот тип).

(4) Инвестициското друштво е должно, кога му доставува на малиот вложувач или потенцијалниот мал вложувач информации за финансискиот инструмент кој е предмет на јавна понуда која е во тек и за која е издаден проспект, навремено, пред извршувањето на инвесициските или на помошните услуги за клиентите или за потенцијалните клиенти, да го информира малиот вложувач и потенцијалниот мал вложувач за начинот на кој е достапен проспектот.

(5) Кога финансискиот инструмент се состои од два или повеќе различни финансиски инструменти или услуги, инвестициското друштво е должно да обезбеди соодветен опис на правната природа на финансискиот инструмент, компонентите на тој инструмент и начинот на кој интеракцијата на компонентите влијае на ризикот од вложувањето.

(6) Во случај на финансиски инструменти кои вклучуваат гаранција или капитална заштита, инвестициското друштво му доставува на клиентот или на потенцијалниот клиент информации за опфатот и природата на таквата гаранција или капитална заштита. Кога гаранцијата е обезбедена од трето лице, информациите за гаранцијата мора да содржат доволно поединости за гарантот и за гаранцијата за да му овозможат на клиентот или на потенцијалниот клиент да направи објективна проценка на гаранцијата.

**Информации кои се однесуваат на заштита на финансиските инструменти и на паричните средства на клиентите**

Член 9

(1) Инвестициско друштво, кое има одобрение за извршување на инвестициската услуга чување на финансиски инструменти или средства за клиенти, е должно на клиентите или на потенцијалните клиенти да им ги достави следните информации:

а) дека паричните средства или финансиските инструменти може да се чуваат кај трето лице во име на инвестициското друштво и за обврските на инвестициското друштво во врска со постапувањето или пропустите на третото лице, како и за последиците за клиентот во случај на несолвентност на третото лице;

б) дека третото лице ги чува финансиските инструменти на збирна сметка, како и предупредување за ризиците кои произлегуваат од тоа;

в) дека финансиските инструменти на клиентот кои ги чува третото лице не може да се разликуваат од сопствените финансиски инструменти на третото лице или инвестициското друштво, со предупредување за ризиците кои произлегуваат од тоа;

г) известување во случај кога сметките што содржат финансиски инструменти или парични средства на клиентот или на потенцијалниот клиент се или ќе бидат под јурисдикција на законодавството на странска земја и укажување дека правата на клиентот или на потенцијалниот клиент во однос на споменатите финансиски инструменти или средствата може да се разликуваат соодветно на таквата ситуација;

д) известување за постоењето и условите за кое било право на откуп, заложно право или право на пребивање на финансиските инструменти или парични средства на клиентот што го има или би можело да го има инвестициското друштво или чуварот;

ѓ) пред склучување на трансакции финансирани со хартии од вредност, во смисла на член 71 став 2 од Законот кои се однесуваат на финансиски инструменти кои инвестициското друштво ги чува за сметка на мал вложувач или пред таквите финансиски инструменти да се користат на друг начин за сопствена сметка или за сметка на друг клиент, инвестициското друштво е должно навремено, пред користење на наведените инструменти, да му достави на малиот вложувач јасни, целосни и точни информации на траен медиум за обврските и за одговорностите на инвестициското друштво во однос на користењето на наведените финансиски инструменти, вклучувајќи ги условите за нивно враќање на клиентот и ризиците што тие ги вклучуваат.

**Информации за сите трошоци и други надоместоци**

Член 10

(1) Заради обезбедување информации на клиентите за сите трошоци и надоместоци согласно член 75 став (2) алинеја ѓ) од Законот, инвестициските друштва се должни да постапуваат и да ги исполнуваат условите од ставовите (2) до (12) на овој член.

(2) Инвестициските друштва кои извршуваат инвестициски услуги за професионални клиенти имаат право да се договорат со тие клиенти за ограничена примена на деталните барања за трошоци и надоместоци од овој член. На инвестициските друштва не им е дозволено договарање на такви ограничувања доколку извршуваат услуги на инвестициско советување или управување со портфолио или доколку, независно од видот на извршената услуга, во предметниот финансиски инструмент е вграден дериватив.

(3) Инвестициските друштва кои извршуваат инвестициски услуги за квалификувани налогодавачи имаат право да се договорат со тие клиенти за ограничена примена на деталните барања за трошоци и надоместоци од овој член, освен ако во предметниот финансиски инструмент е вграден дериватив и квалификуваниот налогодавач има намера да им го понуди на своите клиенти.

(4) Информациите за сите трошоци и други надоместоци на клиентот, пред давањето на инвестициски услуги и активности и помошни услуги, мора да ги содржат следните податоци:

а) сите трошоци и поврзани надоместоци што ги наплаќа инвестициското друштво или други страни, доколку клиентот е упатен на такви други страни, за инвестициската услуга или инвестициските услуги и/или помошните услуги кои се извршуваат за клиентот; и

б) сите трошоци и поврзани надоместоци кои се однесуваат на креирањето и управувањето на финансиски инструменти.

(5) Трошоците од став (4) на овој член се наведени во Прилог 1 кон овој Правилник.

(6) Кога некој дел од вкупните трошоци и надоместоци се плаќа или се изразува во странска валута, инвестициските друштва треба да ја наведат таа валута, како и важечките курсеви за конверзија и трошоци. Инвестициските друштва информираат и за начините на плаќање или другите начини за исполнување на обврските.

(7) Во врска со објавувањето на трошоците и надоместоците за производите кои не се вклучени во документот за клучните информации за вложувачите во отворените инвестициски фондови, инвестициските друштва ги пресметуваат и објавуваат овие трошоци преку поврзување со друштвата за управување со отворени и затворени инвестициски фондови со цел добивање на релевантни информации.

(8) Обврската за навремено обезбедување на целосна објава на информации за збирните трошоци и надоместоци поврзани со финансискиот инструмент и извршената инвестициска или помошна услуга, пред давањето на инвестициски услуги и активности и помошни услуги, се применува на инвестициските друштва во следните ситуации:

а) доколку инвестициското друштво на клиентите им препорачува или им продава финансиски инструменти; или

б) ако од инвестициското друштво кое извршува каква било инвестициска услуга се бара да им достави на клиентите документ со клучни информации за инвеститорите за отворениот инвестициски фонд или документ со клучни информации за пакет на инвестициски производи за мали вложувачи.

(9) Инвестициските друштва кои на клиентот не му препорачуваат или продаваат финансиски инструменти или кои не се обврзани на клиентот да му достават документ со клучни информации во согласност со закон ги информираат своите клиенти за сите трошоци и надоместоци поврзани со извршената инвестициска и/или помошна услуга.

(10) Доколку повеќе инвестициски друштва извршуваат инвестициски или помошни услуги за клиентот, секое инвестициско друштво доставува информации за трошоците на инвестициските или помошните услуги што ги извршува.

(11)Инвестициско друштво кое на своите клиенти им препорачува или продава услуги кои ги врши друго друштво, мора да ги додаде трошоците и надоместоците за своите услуги на трошоците и надоместоците за услугите што ги врши другото друштво. Инвестициското друштво ги зема предвид трошоците и надоместоците поврзани со извршување на други инвестициски или помошни услуги од други друштва доколку го упатило клиентот на тие други друштва.

(12) При пресметување на трошоците и надоместоците, пред давањето на инвестициски услуги и активности и помошни услуги, инвестициските друштва ги користат реално направените трошоци како замена за очекуваните трошоци и надоместоци. Доколку не се достапни податоци за реалните трошоци, инвестициското друштво прави разумна проценка на тие трошоци.

**Договор со клиентот**

Член 11

(1) Инвестициското друштво е должно да склучи договор со клиентот за вршење на инвестициски и помошни услуги на хартија или друг траен медиум кој ги содржи следните елементи:

1. права и обврски на договорните страни, при што истите можат да се утврдат со повикување на други документи кои се достапни за клиентот;

2. други услови под кои инвестициското друштво дава услуги на клиентот и

3. изјава на клиентот дека пред склучување на договорот е запознаен со содржината на правилата за работа, тарифникот на инвестициското друштво, информации од член 92 од

Законот за финансиски инструменти (“кои вклучуваат и предупредувања за ризиците од вложувања во финансиски инструменти согласно член 7 од овој Правилник и предупредување за ризикот од губење на целата инвестиција, како и начинот на решавање на споровите.

(2) Доколку инвестициското друштво препорача или продаде услуги од друго инвестициско друштво на клиентот, пред склучување на договорот, покрај информациите од член 9 од овој Правилник, инвестициското друштво, на клиентот или потенцијалниот клиент му доставува информации за вкупните трошоци на тој начин што трошоците и надоместоците за своите услуги се додаваат на трошоци и надоместоци за услугите што ги дава другото инвестициско друштво.

Член 12

Инвестициското друштво е должно да обезбеди дека содржината на договорот склучен со клиентот на далечина, односно потенцијалниот клиент одговара на информациите што му се дадени пред склучувањето на тој договор.

Член 13

(1) Пред да склучи договор на далечина, инвестициското друштво е должно на клиентот да му ги достави следните информации за:

1. правото на клиентот да се повлече од договорот на далечина во, вклучувајќи:

- рок и услови за остварување на тоа право;
- правни последици од повлекување од договорот;
- инструкции како да се оствари ова право;
- информации за адресата на која клиентот поднесува изјава за повлекување, и
- последиците кои настануваат доколку

клиентот не го искористи правото на откажување.

2. времетраењето на договорот на далечина, доколку предметот на договорот на далечина е трајно или повремено давање финансиски услуги;

3. правото на договорните страни еднострано да го раскинат или откажат договорот на далечина пред истекот на рокот на неговото важење, во согласност со законот и одредбите од договорот, како и евентуалната обврска за плаќање казни, надоместоци и други трошоци во тој случај;

4. прописите кои се применуваат на договорот склучен на далечина и/или за надлежноста на судот за решавање спорови од тие договори;

5. постапката и начинот на склучување договори на далечина; и

6. информации за јазикот на кој може да се склучи договорот на далечина и на кој би се вршела комуникацијата за време на траењето на договорниот однос доколку корисникот бара склучување на овој договор и извршување комуникација на јазик различен од македонскиот јазик.

(2) Пред да склучи договор на далечина, инвестициското друштво е должна да ги даде следните информации за:

1. правото на клиентот да поднесе жалба до инвестициското друштво и/или до Комисијата, начинот и условите за поднесување;

2.можноста за вонсудско решавање на спорови од договори на далечина, како и начинот и услови за вонсудско решавање на спорови; и

3. за постоењето на Фонд за обесштетување на инвеститори или друг организиран начин на обезбедување на обврските на инвестициското друштво кон клиентите во врска со давање на финансиски услуги.

(3) Инвестициското друштво може да ги користи следните средства за комуникација од далечина само доколку клиентот, односно потенцијалниот клиент дал претходна согласност за нивна употреба:

1. автоматизирани системи за повикување кои функционираат без човечка интервенција (на пр. уред за автоматско повикување или автоматско испраќање на е-пошта); и

2. факс машини (телефакс).

(4) Средствата за комуникација од далечина кои овозможуваат индивидуална комуникација со клиентот, т.е потенцијалниот клиент освен средствата од ставот (3) на овој член може да се користат само доколку тоа лице дало претходна согласност за нивна употреба или изрично не се противи на нивната употреба.

(5) Средства за комуникација од далечина од ставовите (3) и (4) на овој член не можат да се користат на начин кој предизвикува дополнителни трошоци за клиентот.

(6) Клиентот кој склучил договор на далечина има право за време на траењето на договорниот однос да бара од инвестициското друштво без одлагање да му се достави копија од склучениот договор на далечина во хартиена форма.

(7) Клиентот кој склучил  договор на далечина може за време на траењето на договорниот однос да ги промени средствата за комуникација на далечина, доколку тоа е во согласност со овие правила и не е неспоиво со склучениот договор на далечина или природата на инвестициската услуга која  е предмет на тој договор.

**Преодни и завршни одредби**

Член 14

Овој Правилник влегува во сила 8 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува со денот на почеток на примена на Законот за финансиски инструменти („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/2024).

Бр. 01-641/1
9 октомври 2024 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.